**Родово-базирано насилство во спортот во Република Северна Македонија**

**Состојба, институционален одговор и препораки за унапредување**

## Вовед

Родово базираното насилство (РБН) врз жени и девојчиња е еден од клучните предизвици за унапредување на родовата еднаквост во Северна Македонија. Станува збор за една од најраспространетите повреди на човекови права што има штетни и долготрајни последици врз благосостојбата, здравјето и безбедноста на жените и девојките, заедно со економските последици, ефектите врз резултатите во образованието и влијанието врз продуктивноста и развојот на општествата и земјите.

Светот на спортот не е поле исклучено од родово базирано насилство. Според Европскиот институт за родова еднаквост, родово базираното и сексуалното вознемирување се присутни на сите нивоа и дисциплини во спортот, со застапеност што варира од 14% до 73%.[1] Формите се различни, вклучително сексуално вознемирување, физичко и психолошко насилство, злоупотреба на моќ, дискриминација; присутни во спортските средини, но во голема мера остануваат непријавени. Причините за тоа се повеќеслојни и вклучуваат страв од одмазда, загуба на спортска кариера, култура на молк, недоверба во институциите и отсуство на јасни механизми за заштита и пријавување.

Во нашата земја постојат ограничени информации за распространетоста на родовото базирано насилство во спортот. Родово базираното насилство и вознемирување како присутни појави во спортот, не се препознаваат и не се третираат соодветно. Иако државата располага со релативно напредна законска рамка за превенција и заштита од родово-базирано и семејно насилство, спортот како специфичен социјален и институционален контекст останува маргинално адресиран во јавните политики.

## Контекст и дефинирање на проблемот

Насилството врз жените е значително распространет феномен во Република Северна Македонија. ***Три од пет (60 %) жени сметаат дека насилството врз жените е вообичаено, додека три од десет сметаат дека е често. Речиси една од пет жени (17 %) лично познава***

---

[1] https://eige.europa.eu/publications-resources/publications/gender-sport

„ Оваа активност е дел од проектот „*Безбедна платформа-Против родово базирано насилство во спортот*“, кој го спроведува Спорт Соушл Солушнс Скопје, во рамки на акцијата „СЕ ГРИЖИМЕ: Заедно се бориме против сексуалното и родовото насилство “, финансирана од Европската Унија, а предводена од Националната мрежа против насилство врз жени и семејно насилство. Содржината на овој документ е единствена одговорност Спорт Соушл Солушнс Скопје, и на никој начин не може да се смета дека ги претставува ставовите и гледиштата на Европската Унија.

***некого во своето семејство и меѓу своите пријатели кој претрпел форма на семејно насилство***“ (Стратегија за родова еднаквост 2022-2027, стр. 20.)

Родово базираното насилство врз жените претставува насилство насочено кон жените токму поради нивната припадност на женскиот род и е резултат на нееднаквите општествени односи на моќ меѓу мажите и жените. Тоа опфаќа физичко, сексуално, психичко и економско насилство, вклучувајќи закани и ограничување на слободата, како во јавниот, така и во приватниот живот.

Во спортот, ова насилство се манифестира во различни форми, вклучително физичко, сексуално, психолошко и економско насилство, како и дискриминација врз основа на род.

Спортските средини често се карактеризираат со изразени хиерархии, нерамнотежа на моќ и доминација на традиционални родови норми. Односите тренер–спортист, управни тела–клубови или федерации–индивидуални спортисти создаваат контексти во кои злоупотребата на моќ може лесно да остане несанкционирана. Дополнително, спортот често се перципира како „затворен систем“, каде што интерните проблеми се решаваат неформално или воопшто не се адресираат.

Иако спортот може да биде средина во која се појавуваат различни форми на насилство, тој истовремено покажува и огромен потенцијал за унапредување на родовата еднаквост и за справување со коренските причини на насилството врз жените и девојчињата. Преку промовирање на инклузивноста, менување на ставовите, справување со неказнивоста, уривање на бариерите и истакнување на женските спортистки како позитивни примери, спортот може да придонесе кон создавање побезбедно и порамноправно општество.[2] На крајот, насилството врз жените и девојчињата претставува длабок и сериозен проблем и во спортот и во поширокиот општествен контекст. Не е можно ефикасно да се справуваме со насилството во една област, без истовремено да се справуваме со него и во другата. Насилството врз жените и девојчињата е сложен и повеќеслоен проблем, а спортот претставува комплексен екосистем. Затоа, за да се адресира насилството врз жените и девојчињата во спортот, неопходна е заедничка работа и координација меѓу креаторите на политики и спортските практичари.

Тешко е да се процени целосниот обем на насилството врз жените и девојчињата во спортот. Ова се должи, пред сè, на недостигот од стандардизирани и меѓународно споредливи податоци, но и на фактот дека ваквото насилство во голема мера останува непријавено. Сепак, голем број понови истражувања и анализи даваат појасна слика за размерите на проблемот и покажуваат дека девојчињата и жените несразмерно почесто се изложени на различни форми на насилство.[3]

> Насилството врз жените и девојчињата може да се појави меѓу лица вклучени на кое било ниво во спортот и во кој било дел од светот. Жените и девојчињата кои се во понеповолна положба поради нивната раса, етничка припадност, миграциски статус, родов идентитет, сексуална ориентација, економска состојба и/или религија се особено изложени на ризик од насилство.

**И покрај овие ризици, РБН во спортот ретко се третира како посебна област на јавна**

[2] https://eca.unwomen.org/sites/default/files/2022-11/MK-Gender_Equality_in_Sport-web.pdf
[3] Tackling Violence Against Women and Girls in Sport; UNSCO & UN Women; 2023

„ Оваа активност е дел од проектот „*Безбедна платформа-Против родово базирано насилство во спортот*“, кој го спроведува Спорт Соушл Солушнс Скопје, во рамки на акцијата „СЕ ГРИЖИМЕ: Заедно се бориме против сексуалното и родовото насилство “, финансирана од Европската Унија, а предводена од Националната мрежа против насилство врз жени и семејно насилство. Содржината на овој документ е единствена одговорност Спорт Соушл Солушнс Скопје, и на никој начин не може да се смета дека ги претставува ставовите и гледиштата на Европската Унија.

**политика во Северна Македонија.**

**Постоечка правна и институционална рамка**

Република Северна Македонија е потписничка на Пекиншката декларација и Платформа за акција (1995) со која се обврзува на подобрување на статусот на жените и нивно зајакнување во јавниот и приватниот живот, вклучително и спортот. „***Да се обезбедат пристапни рекреативни и спортски објекти и да се воведат и унапредат родово сензитивни програми за девојчиња и жени од сите возрасти во образовните институции и во заедницата и да се поддржи напредокот на жените во сите области на спортот и физичката активност, вклучително и како тренери, спортисти и административни работници, и како учесници на национално, регионално и меѓународно ниво*** "(стр. 52).

По ратификацијата на **Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилство врз жените и семејно насилство (Истанбулската конвенција)** во 2017 година, како најсеопфатен документ во оваа област, државата презела обврска за системска борба против насилството врз жените, со поставување на три клучни цели цели: усогласување на законската рамка со одредбите на Конвенцијата, воспоставување сервиси за заштита на жртвите на родово базирано насилство и на жртвите на семејно насилство и спроведување активности за превенција.

Врз основа на тоа се направени значајни унапредувања во законската рамка за борба против родово-базираното насилство:

**Закон за превенција и заштита од насилство врз жените и семејното насилство (2021),** со кој по првпат е дефинирано родово базираното насилство врз жените, вклучувајќи ги и девојчињата под 18 години и се надмина пристапот на државата единствено да се справува со семејното насилство како родово неутрален проблем. Законот опфаќа нови форми на насилство (демнење, генитално осакатување, сексуално вознемирување преку интернет), вклучува ранливи групи, се уредува постапувањето на институциите со должно внимание, предвидува координација на институциите, собирање податоци и реинтеграција на жртвите. Иако во Законот не се споменува спортот или спортските институции како релевантни засегнати страни, во него јасно се наведува дека целта на Законот е „превенција и спречување на родово-базирано насилство врз жените и семејното насилство, ефективна заштита на жртвите од каков било облик на родово-базирано насилство врз жени како и на жртвите на семејно насилство со почитување на основните човекови слободи и права загарантирани со Уставот на Република Северна Македонија и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот. Целта на законот се заснова на принципот на еднаквост и елиминирање на стереотипите за родовите улоги " (чл. 2).

Во 2023 година беа донесени измени на **Кривичниот законик** со кои по првпат е дефинирано родово базираното насилство, поимот жртва на родово базирано насилство, воведена е и нова дефиниција на семејно насилство, воведени се нови кривични дела (осакатување на женски полови органи, демнење, полово вознемирување).

„ Оваа активност е дел од проектот „*Безбедна платформа-Против родово базирано насилство во спортот*", кој го спроведува Спорт Соушл Солушнс Скопје, во рамки на акцијата „СЕ ГРИЖИМЕ: Заедно се бориме против сексуалното и родовото насилство ", финансирана од Европската Унија, а предводена од Националната мрежа против насилство врз жени и семејно насилство. Содржината на овој документ е единствена одговорност Спорт Соушл Солушнс Скопје, и на никој начин не може да се смета дека ги претставува ставовите и гледиштата на Европската Унија.

Во **Стратегијата за родова еднаквост 2022-2027** се препознава важноста на родовата еднаквост во спортот. Таа содржи јасни цели за подобрување на состојбата и индикатори за следење и евалуација на напредокот во исполнувањето на целите. Стратегијата воспоставува сеопфатна рамка за понатамошни активности во насока на промовирање на родовата еднаквост во спортот и зајакнување на жените.

**Овие закони обезбедуваат општа заштита од насилство и дискриминација без оглед на контекстот во кој тие се случуваат. Сепак, ниту еден од нив експлицитно не го препознава спортот како специфична средина со зголемен ризик од РБН, ниту предвидува посебни превентивни и заштитни механизми за спортскиот сектор. Затоа е потребно да РБН во спортот биде опфатено како засебна тематска област во сите национални стратегии за родова еднаквост, превенција и заштита од родово базирано насилство и недискриминација, со јасно дефинирани цели, индикатори и надлежности.**

**Институционални рамки**

Клучните институции и актери релевантни за прашањето на РБН во спортот вклучуваат:

- институциите надлежни за родова еднаквост и заштита од насилство;
- телата задолжени за спорт и млади;
- националните спортски федерации и клубови;
- граѓанските организации активни во областа на родова еднаквост и човекови права.

Иако постојат формални надлежности, во пракса недостасува јасен координативен механизам помеѓу овие актери. Одговорностите за превенција, пријавување и постапување во случаи на РБН во спортот остануваат нејасно распределени, што резултира со институционална фрагментација и неефикасен одговор.

**Постоечки иницијативи и практики**

Во Северна Македонија, активностите поврзани со спречување и справување со родово-базирано насилство во спортот главно се спроведуваат преку поединечни проекти, најчесто поддржани од меѓународни донатори. Овие иницијативи вклучуваат едукативни активности, кампањи за подигање на свеста и ограничени истражувачки напори.[4]

Сепак, овие практики се карактеризираат со временска ограниченост и недоволна одржливост; отсуство на институционализација и ограничен опфат и влијание.

[4] https://sportsolutions.mk/project/against-gender-based-violence-in-sport/

„ Оваа активност е дел од проектот *„Безбедна платформа-Против родово базирано насилство во спортот“*, кој го спроведува Спорт Соушл Солушнс Скопје, во рамки на акцијата „СЕ ГРИЖИМЕ: Заедно се бориме против сексуалното и родовото насилство “, финансирана од Европската Унија, а предводена од Националната мрежа против насилство врз жени и семејно насилство. Содржината на овој документ е единствена одговорност Спорт Соушл Солушнс Скопје, и на никој начин не може да се смета дека ги претставува ставовите и гледиштата на Европската Унија.

Поголемиот дел од спортските федерации и клубови немаат усвоени кодекси на однесување, интерни политики за спречување на РБН или јасни процедури за пријавување и постапување. Недостасуваат и независни механизми за жалби, што дополнително ја намалува подготвеноста на жртвите да пријават насилство.

**Неколку клучни празнини и предизвици во системот:**

**Политички и стратешки празнини**

- Недостасува стратешки документ или акциски план за РБН во спортот.
- Спортот не е системски интегриран во националните политики за родова еднаквост и борба против насилството.

**Институционални и оперативни предизвици**

- Нема јасно дефинирани одговорности меѓу институциите.
- Недостасуваат стандардизирани протоколи за постапување.
- Ограничени капацитети и обуки за спортскиот персонал.

**Културни и структурни бариери**

- Силно присутна култура на молк и нормализација на насилството.
- Страв од санкции, стигматизација и загуба на кариера.
- Недоверба во институционалните механизми за заштита.

„ Оваа активност е дел од проектот „*Безбедна платформа-Против родово базирано насилство во спортот*“, кој го спроведува Спорт Соушл Солушнс Скопје, во рамки на акцијата „СЕ ГРИЖИМЕ: Заедно се бориме против сексуалното и родовото насилство “, финансирана од Европската Унија, а предводена од Националната мрежа против насилство врз жени и семејно насилство. Содржината на овој документ е единствена одговорност Спорт Соушл Солушнс Скопје, и на никој начин не може да се смета дека ги претставува ставовите и гледиштата на Европската Унија.

## Препораки за унапредување на политиките

**За Министерство за социјална политика, демографија и млади и Министерство за спорт**

- МСПДМ да го ревидира Акцискиот план за имплементација на Истанбулската конвенција и да адресира РБН во спортот
- Министерство за Спорт да иницира подготовка на национален акциски план за спречување и справување со РБН во спортот.
- Вклучување на спортот како приоритетна област во политиките за родова еднаквост.
- Воспоставување систем за собирање и анализа на податоци за РБН во спортот, разделени по род.

**За Министерство за спорт**

- Условување на државното финансирање со усвојување кодекси на однесување и политики за безбеден спорт.
- Развој на национални стандарди за заштита од РБН во спортските организации.
- Воведување задолжителни обуки за тренери, судии и управен кадар.

**За спортските федерации и клубови**

- Усвојување интерни протоколи за пријавување и постапување во случаи на РБН.
- Назначување одговорни лица за заштита и поддршка на жртвите.
- Обезбедување безбедни и доверливи канали за пријавување.

**За Македонскиот Олимписки комитет**

- Да препорача статутарни обврски за националните спортски федерации членки да имаат усвоени политики и процедури за превенција и постапување при родово базирано насилство, како предуслов за членство и учество во олимпискиот систем.
- Преку постоечките етички и дисциплински тела да се воспостават јасни процедури за постапување во пријава за РБН во олимпискиот спорт и соодветни механизми (суспензија, исклучување, забрана за учество) во рамки на своите овластувања.

**За Македонскиот Параолимписки комитет**

- Во согласност со својата статутарна мисија, да усвои политики за безбеден спорт што експлицитно ги адресираат родовите и интерсекциските ризици со кои се соочуваат спортистките со попреченост.
- Во рамки на координацијата со клубови и федерации, да обезбеди дека механизмите за пријавување на РБН и поддршка се физички, комуникациски и процедурално пристапни и достапни за спортисти со различни видови попреченост; независни од непосредната спортска хиерархија (тренер, тим-менаџер), со можност за директна пријава до Параолимпискиот комитет.

„ Оваа активност е дел од проектот *„Безбедна платформа-Против родово базирано насилство во спортот“*, кој го спроведува Спорт Соушл Солушнс Скопје, во рамки на акцијата „СЕ ГРИЖИМЕ: Заедно се бориме против сексуалното и родовото насилство “, финансирана од Европската Унија, а предводена од Националната мрежа против насилство врз жени и семејно насилство. Содржината на овој документ е единствена одговорност Спорт Соушл Солушнс Скопје, и на никој начин не може да се смета дека ги претставува ставовите и гледиштата на Европската Унија.

- Да развие протоколи за постапување по пријава за РБН.
- Воведување на задолжително обуки за сите што работат со параолимписки спортисти за препознавање на специфични ризици од РБН кај жени со попреченост.
- Да вклучи почитување на стандардите за безбеден и недискриминаторски спорт како критериум за селекција, акредитација и учество во параолимписки натпревари и програми.

**За граѓанските организации**

- Активно учество во мониторингот и застапувањето.
- Обезбедување поддршка и советување за жртвите.
- Партнерства со спортските институции за развој на превентивни програми.

**Заклучок**

Родово-базираното насилство во спортот во Република Северна Македонија претставува системски проблем кој бара сеопфатен, координиран и долгорочен одговор. Иако постојат солидни законски основи за заштита од насилство, без специфични политики и механизми за спортот, оваа заштита останува ограничена во пракса.

Интегрирањето на родовата перспектива во спортските политики и практики е клучно за создавање безбедни, инклузивни и праведни спортски средини за сите.

„ Оваа активност е дел од проектот „*Безбедна платформа-Против родово базирано насилство во спортот*“, кој го спроведува Спорт Соушл Солушнс Скопје, во рамки на акцијата „СЕ ГРИЖИМЕ: Заедно се бориме против сексуалното и родовото насилство “, финансирана од Европската Унија, а предводена од Националната мрежа против насилство врз жени и семејно насилство. Содржината на овој документ е единствена одговорност Спорт Соушл Солушнс Скопје, и на никој начин не може да се смета дека ги претставува ставовите и гледиштата на Европската Унија.